УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ – СКОПЈЕ

# ГОДИШНИК

## НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

## ANNUAIRE DE LA FACULTÉ DE DROIT “IUSTINIANUS PRIMUS” DE SKOPJE

ВО ЧЕСТ НА
ПРОФ. Д-Р ЈАНЕ МИЉОВСКИ

Скопје 2016

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“– СКОПЈЕ
L'UNIVERSITE “ST CYRILLE ET METHODE” – SKOPJE

**ГОДИШНИК НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ**

| ГОДИШНИК | ТОМ 54 | СКОПЈЕ | 2016 |
| --- | --- | --- | --- |

Издавач: Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје

За издавачот: проф. д-р Сашо Георгиевски, в.д. Декан
Адреса на издавачот: бул. Гоце Делчев 9б, 1000 Скопје, Р. Македонија

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Александар Стојков

Уредувачки одбор:
проф. д-р Владимир Кандикјан (Правен факултет „Јустинијан Први“-Скопје)
проф. д-р Весна Пендовска (Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје)
проф. д-р Ванчо Узунов (Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје)
проф. д-р Тодор Каламатиев (Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје)
проф. д-р Горан Коевски (Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје)
проф. д-р Димитар Гелев (Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје)
проф. д-р Александра Максимовска (Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје)
проф. д-р Александар Климовски (Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје)
проф. д-р Фрањо Штиблар (Правен факултет во Љубљана, Словенија)
проф. д-р Катарина Зајц (Правен факултет во Љубљана, Словенија)
проф. д-р Матјаж Амброж (Правен факултет во Љубљана, Словенија)
проф. д-р Младен Ведриш (Правен факултет во Загреб, Хрватска)
проф. д-р Иван Коприќ (Правен факултет во Загреб, Хрватска)
проф. д-р Хрвоје Арбутина (Правен факултет во Загреб, Хрватска)
проф. д-р Давор Деренчиновиќ (Правен факултет во Загреб, Хрватска)
проф. д-р Александра Јовановиќ (Правен факултет во Белград, Србија)
проф. д-р Сима Аврамовиќ (Правен факултет во Белград, Србија)
проф. д-р Срџа Божовиќ (Правен факултет, Универзитет „Медитеран“ во Подгорица, Црна Гора)
проф. д-р Стати Статев (Универзитет за национално и светско стопанство во Софија, Бугарија)
проф. д-р Владимир Петров (Правен факултет, Нов бугарски универзитет во Софија, Бугарија)
проф. д-р Нермин Оруч (Меѓународен универзитет во Сараево, Босна и Херцеговина)
проф. д-р Сенад Софтиќ (Економски факултет, Универзитет во Сараево, Босна и Херцеговина)
проф. д-р Тиери Варин (Харвард универзитет во САД)
проф. д-р Натали де Марселис (Политехнички универзитет во Монтреал, Канада)

Секретар: доц. д-р Катерина Шапкова

ISSN 0583-5062

Печати: Академски печат

Лектура: Ивана Коцевска

Тираж: 150

Објавувањето на овој Годишник и подготовката на трудови чии што автори се вработени на Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје е во рамки на Проектот “Евроинтеграција на општествениот, правниот и политичкиот систем на Република Македонија“.

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ – СКОПЈЕ

# ГОДИШНИК

## НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

## ANNUAIRE DE LA FACULTÉ DE DROIT “IUSTINIANUS PRIMUS” DE SKOPJE

ВО ЧЕСТ НА
ПРОФ. Д-Р ЈАНЕ МИЉОВСКИ

Скопје 2016

## СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР ........ VII

д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска, д-р Валентин Пепељугоски
ПРЕНОСЛИВОСТА НА ПАТЕНТОТ УСЛОВ ЗА ЕКОНОМСКО ИСКОРИСТУВАЊЕ И ЕФЕКТУИРАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНИТЕ (ИМОТНИТЕ) ПРАВА НА НОСИТЕЛОТ НА ПАТЕНТОТ ........ 1

д-р Тодор Каламатиев, д-р Александар Ристовски
ЕКОНОМСКИ ЗАВИСЕН ТРУД И ЕКОНОМСКИ ЗАВИСНИ РАБОТНИЦИ – НОВА ФОРМА НА РАБОТА И НОВ (*TERTIUM GENUM*) РАБОТНО-ПРАВЕН СТАТУС НА РАБОТНИЦИ ПОМЕЃУ ВРАБОТЕНИТЕ И САМОВРАБОТЕНИТЕ ЛИЦА ........ 33

д-р Горан Коевски, д-р Дарко Спасевски
НАЈНОВИ ТЕНДЕНЦИИ ВО РАЗВОЈОТ НА ДОГОВОРНОТО ПРАВО ЗА ГРАДЕЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (2011 – 2016 ГОДИНА) ........ 59

Vesna Pendovska, PhD, Aleksandra Maksimovska, Ph.D, Elena Neshovska Kjoseva, Ph.D
TAX "INVESTMENT" POLICY: CASE STUDY ON THE COUNTRIES IN SOUTH EASTERN EUROPE ........ 71

Prof. D-r Poliksena Gavroska, MSc. Ilija Rumenov
PROVISIONAL, INCLUDING PROTECTIVE MEASURES IN THE BRUSSELS IIBIS REGULATION AND THEIR ENFORCEMENT IN THE EU ........ 93

д-р. Димитар Гелев
ОРГАНИЗИРАЊЕ НА АКЦИОНЕРСКО СОБРАНИЕ ........ 111

д-р Тони Дескоски, д-р Вангел Доковски
ТЕОРЕТСКИ АСПЕКТИ НА ТОЧКИТЕ НА ВРЗУВАЊЕТО КАЈ СЕМЕЈНИТЕ ОДНОСИ СО СТРАНСКИ ЕЛЕМЕНТ ........ 125

д-р Тања Каракамишева-Јовановска
ЕВРОПСКИТЕ ПАРТИИ И ПОЛИТИЧКИТЕ ГРУПИ ВО ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ ........ 141

д-р Татјана Петрушевска, м-р Марјан Попески
УКРАИНА: ОСИЛО ИЛИ ПОСЛЕДНАТА ИМПЕРИЈАЛИСТИЧКА ВОЈНА ........ 159

д-р Рената Тренеска-Дескоска
УСТАВНИ ПАРАДОКСИ НА ПОМИЛУВАЊАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД 12.4.2016 ГОДИНА ........ 197

д-р Никола Тупанчески, м-р Драгана Кипријановска
КАЗНЕНОПРАВНА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ ........ 217

д-р Ванчо Узунов, д-р Биљана Петревска
ЕКОНОМИКА НА КРИМИНАЛОТ: БАЗИЧНИ АСПЕКТИ ........ 237

д-р Александар Стојков, д-р Игор Величковски, м-р Ивана Рајковиќ
ПОВРЗУВАЊЕ НА ПЕРИФЕРНИТЕ ВАГОНИ КОН ЛОКОМОТИВАТА НА ЈАДРОТО НА ЕВРО ЗОНАТА: НЕВОЗМОЖНА МИСИЈА? ..................... 257

д-р Ненад Гавриловиќ
ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА ПРЕДИЗВИКАНА ОД ЖИВОТНИ: ОПШТ РЕЖИМ ..................... 301

д-р Мишо Докмановиќ
ИЗБОРИТЕ НА ПРВАТА ДЕКАДА – СОЈУЗНИТЕ И РЕПУБЛИЧКИТЕ ИЗБОРИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1945 ДО 1953 ГОДИНА ..................... 325

д-р Јасна Бачовска-Недиќ, д-р Милена Апостоловска-Степаноска, д-р Христина Рунчева Тасев
ЕВРОПСКИОТ ИДЕНТИТЕТ И ТЕОРИЈАТА НА ЈИРГЕН ХАБЕРМАС ЗА „УСТАВНИОТ ПАТРИОТИЗАМ“ ..................... 341

д-р Владимир Божиновски
ДЕФИНИРАЊЕ НА СОПСТВЕНОСТА ВО РАЗВИЕНИОТ СРЕДЕН ВЕК: ХРИСТИЈАНСКИОТ КОНЦЕПТ НА ЕВРОПА И ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ ..................... 355

доц. д-р Иван Дамјановски
ИСТОРИСКО ИНСТИТУЦИОНАЛИСТИЧКА ПЕРСПЕКТИВА НА ПРОШИРУВАЊЕТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ..................... 365

д-р Неда Здравева
ЦЕНА НАСПРОТИ ВРЕДНОСТ – ПРАВНИ И ЕКОНОМСКИ АСПЕКТИ НА НАДОМЕСТУВАЊЕТО НЕМАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА ..................... 379

д-р Елена Игновска
АЛТЕРНАТИВЕН (ДОГОВОРЕН) ИМОТЕН РЕЖИМ ВО БРАЧНА И ВОНБРАЧНА ЗАЕДНИЦА ..................... 395

д-р Елена Макревска Дисоска
ЕФЕКТИ ОД ФОРМИРАЊЕТО НА ВНАТРЕШНИОТ ПАЗАР НА ЕУ ..................... 409

д-р Елена Михајлова
ОДРЖУВАЊЕТО НА ГРАНИЦИТЕ ПОМЕЃУ КУЛТУРНИТЕ ГРУПИ ..................... 433

д-р Милка Ракочевиќ
ЗНАЧЕЊЕ И ФУНКЦИЈА НА НАЧЕЛОТО НА СОСЛУШУВАЊЕ НА СТРАНКИТЕ ВО СОВРЕМЕНАТА ПАРНИЧНА ПОСТАПКА ..................... 443

д-р Драги Рашковски, д-р Викторија Кафеџиска
Е- ГЛАСАЊЕ ВО ШВАЈЦАРИЈА ..................... 459



д-р Катерина Шапкова
МЕРЕЊЕ НА ЗАШТИТАТА НА СОПСТВЕНИЧКИТЕ ПРАВА: ПРЕГЛЕД НА КОРИСТЕНИ МЕРИЛА ВО ЛИТЕРАТУРАТА ОД ОБЛАСТА НА НОВАТА ИНСТИТУЦИОНАЛНА ЕКОНОМИЈА ..................... 475

м-р Катерина Жатева
ПРАВНА ЕТИКА ВО САД ..................... 495

м-р Марко Кртолица
ДИЛЕМИ И ПРЕДИЗВИЦИ ОКОЛУ ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО ГЛАСАЊЕ – ПРАВО VS. ПРАВО И ОБВРСКА ..................... 507

1.02 Прегледна научна статија
УДК: 321 (4-672ЕУ)

д-р Јасна Бачовска-Недиќ*
д-р Милена Апостоловска-Степаноска**
д-р Христина Рунчева Тасев***

# Европскиот идентитет и теоријата на Јирген Хабермас за „Уставниот патриотизам“

## Апстракт

Авторите на предметниот труд ја анализираат теоријата развиена од страна на Јирген Хабермас која се однесува на потребата за создавање на европски идентитет. За таа цел, трудот дава краток преглед на најпопуларните теории за европскиот идентитет, со особен фокус на анализата на теоријата за уставен патриотизам. Воедно, авторите даваат приказ на една од најпопуларните критики на теоријата на Јирген Хабермас, претставена од страна на Дарио Кастелионе.

**Клучни зборови:** европски идентитет, уставен патриотизам, Јирген Хабермас

## Вовед

Европскиот идентитет е учење за значењето што одредени вредности во однос на Европа го имаат за еден човек во споредба со друг. Европа е потребно да биде разбрана како комплекс од идеи, кои за луѓето имаат различни значења. Кога станува збор за основата на европскиот идентитет, некои авто-

* Вонреден професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје
** Доцент на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје
*** Доцент на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје

ри тврдат дека „тоа е приврзаност кон еволуирачкиот европски транснационален систем на управување“.[1]

Европскиот идентитет ја има својата основа во заедничките верувања во систем од политички вредности, а не во заедничка култура или историја. Некои автори тврдат дека само постоењето на колективен идентитет може да го објасни развојот на ЕУ.[2]

Голем придонес кон изучувањето на европскиот идентитет имаат концепциите за историско-политички и социо-политички корени.[3] Во изминатите години се спроведени голем број емпириски истражувања кои даваат различни перспективи од национално и регионално ниво, за, на крајот, концептот да си го пронајде својот пат кон интеграцискиот теоретски дискурс. Научниците кои беа засегнати со крајниот продукт на европската интеграција бараа посакувани форми на политички колективен идентитет на супранационално ниво. Етничките модели за идентитет за кратко време беа напуштени од теоретичарите[4] и дебатата се заврте околу нормативно-онтолошките форми, како што е уставниот патриотизам,[5] постматеријалното граѓанство, припадноста на повеќе идентитети, утилитарниот и граѓанскиот идентитет, постнационализмот и супранационализмот или космополитскиот комунитаризам.[6]

Многу од овие теории за европскиот идентитет направија превид во однос на комплексноста на процесот на создавање колективност и на неговите услови и ограничувања. Она што недостига во целата дискусија е повеќе водење сметка на практичната изводливост и неопходноста од европска политика за идентитетот. Во овој контекст, главното прашање е дали на европскиот колективен идентитет треба да се гледа како на врска која недостасува во успешната, стабилна и демократска Европска Унија.[7]

[1] Traiandafyllidou, A. and Spohn, W. 2003: *Introduction in Europanisation,* National Identities and Migration, eds. Willfried Spohn and Anna Traiandafyllidou, London, Routledge: 8.

[2] Giesen, B. 2003: *The Collective Iidentity of Europe: Constitutional Practice or Community of Memory?,* Europanisation, National Identities and Migration,eds. Willfried Spohn and Anna Traiandafyllidou, London, Routledge, стр. 21.

[3] Така, на пример: Ahrweiler, H. 1993: *Roots and Trends in European Culture,* S. Garcia (ed) European Identity and the Search for Legitimacy, Pinter, London.

[4] Kostakopoulou, D.: *On European Identity,* *http://papers.ssrn.com/sol3/papers.cfm?abstract_id=2117157,* пристапено на 28.3.2015

[5] Habermas, J. 2001: *The Postnational Constellation- Political Essey,* The MIT Press, Cambridge, Massashusets.

[6] Castglione, D. 2009: *Political identity in a community of strangers,* European identity, Jeffry T.Checkel and Peter J.Katzenstain, Cambridge University press,New York:40.

[7] Heiko Walkenhorst, види оп. цит. дело стр. 1.



## 1. Теории за европскиот идентитет

Иако е ново поле на интерес, сепак, учењето за европскиот идентитет досега успеа да развие неколку различни теории кои ја објаснуваа неговата природа и создавање. Во овој контекст е значајна теоријата за социјалниот конструктивизам, која ја развил Томас Рисе (Thomas Risse). „Таа се заснова на социолошка онтологија, која поаѓа од тоа дека луѓето не можат да постојат независно од нивната социјална средина и нивниот заеднички колективен систем на значаења (култура во широка смисла).“[8] Тој понатаму тврди дека „социјалните идентитети содржат прво идеи со кои се опишува и категоризира индивидуалното членство во социјалната група или заедница, вклучувајќи ја емотивната, афективната и евалуативната компонента“.[9] Овој автор, исто така, сугерира три потенцијални форми на европска идентификација: 1. Моделот на гнездо (*Nested*); 2. Моделот на раскрсница (*cross road*); 3. „*Marble cake*“ (мешавина каде што секој дел е есенцијален за другиот).[10]

Потребно е да се нагласи дека теоријата за социјалниот конструктивизам е од поголема помош кога е потребно да се објасни зошто треба да се проучува европскиот идентитет отколку кога треба да се објасни што е европскиот идентитет. Формите на идентификација што тој ги развива се од голема помош, кога се испитува односот на европскиот идентитет со националните идентитети.

Бернард Гисен (Bernhard Giesen) го користи т.н. процедурален модел на колективен идентитет за да го објасни европскиот идентитет, и притоа го користи поимот на Хабермас „*Verfassungspatriotismus*“ или т.н. уставен патриотизам. Овој теоретичар се обидува да го објасни европскиот идентитет како „уставен патриотизам“, кој според него не значи љубов/посветеност на некого кон својата татковина туку љубов/посветеност кон нејзиниот устав.[11] Тој смета дека колективниот идентитет, онака како што е опишан од процедуралниот модел, е „обид да се поврзе политиката со политичката традиција“.[12] Евидентно е дека моделот што го развива овој теоретичар му дава предност на процесот и практиката на членство во ЕУ. На тој начин, европскиот идентитет е формиран како заеднички систем на заеднички политички идеали, а не на заедничка култура или историја.

Ричард Мунх (Richard Munch) ја развива теоријата за европски идентитет на повеќе нивоа, односно тој тврди дека не постои монолитен европски идентитет туку повеќе транс-европски идентитети, кои се фокусираат на тесни ин-

[8] Risse, Th. 2004: *Social Constructivism and European Integration,* European Integration Theory,eds. Anje Wiener and Thomas Diez, Oxford,Oxford Univ. Press, стр. 160.

[9] Thomas Risse, види оп. цит. дело, стр. 167.

[10] Thomas Risse, види оп. цит. дело, стр. 168.

[11] Bernhard Giesen, оп. цит. дело, стр. 22.

[12] *Исто.*

дивидуални интереси. Овој плурализам на идентитети „произлегува од европската интеграција, која ја уништува механичката солидарност со органска солидарност на соработка".[13] Понатаму тој тврди дека Европа не е создадена толку од посебни нации, од нивните колективни солидарности и национални култури туку од силна соработка меѓу поедници, која за возврат е поддржана од сè поголем број асоцијации. Индивидуализацијата на одговорностите ја протежира заедничката организација на социјалниот живот преку националната држава во заднина, на тој начин правејќи пат за уште поразлична координација во рамките на Европа. Европското општество се развива во општество составено од повеќе нивоа.[14] Ова објаснување за европскиот идентитет ја потенцира многубројноста на идентитети, кои комбинирани заедно го создаваат метаидентитетот или европскиот идентитет. Овие идентитети не се еднакви во нивните интеракции, и некои се повеќе развиени од другите, а додека, пак, на некои им се дава повеќе тежина отколку на другите, и на тој начин се создаваат повеќе нивоа на идентитети. Точно е тврдењето дека европскиот идентитет има различно значење за различни луѓе, но да се каже дека тој е збир од повеќе идентитети значи да се негираат граѓанските елементи што се наоѓаат во неговиот корен, а тоа учење преовладува над останатите.

Тука е потребно да се постави прашањето: Дали теоријата за европскиот идентитет им се спротивставува на традиционалните теории за идентитет? Доколку европскиот идентитет се дефинира како колективен идентитет кој се основа на заеднички систем на политички вредности, тоа е бидејќи тој е поврзан со уникатна политичка организација, а тоа е Европската Унија. Исто како што националниот идентитет е поврзан со националната држава, европскиот идентитет е поврзан со ЕУ. Додека првиот е тесно поврзан со националната држава, историски примери за идентитети, поврзани со мултинационални политички организации се оние на империите. Сепак, не може да се каже дека ЕУ е империја, бидејќи во неа членуваат држави-членки на доброволна основа. Постои еден европски идентитет за разлика од повеќето, најчесто спротивставени национални идентитети кои постоеле во империите.

За разлика од националните идентитети кои се базираат на национална основа, европскиот идентитет е многу повеќе недефиниран и инклузивен. Така, некои автори ја објаснуваат оваа врска со културата како „културен плурализам", објаснувајќи дека мултикултурализмот е основна карактеристика на европскиот идентитет.[15] Недостигот од заедничка култура некои автори го објаснуваат на следниот начин: „заедничките карактеристики во Европа... се од апстрактен вид".[16] Луѓето не ги врзува заедничка култура или историја

[13] Munch, R. 2003: „*Democracy without Demos*", Europanisation, National Identities and Migration eds. Willfried Spohn and Anna Traiandafyllidou, London, Routledge:58.
[14] Richard Munch, види оп. цит. дело стр. 61.
[15] Anna Traiandafyllidou and Willfried Spohn, види оп. цит. дело стр. 1.
[16] Richard Munch, види оп. цит. дело стр. 74.



туку различна, широко раширена мрежа од повеќе или помалку перманентни врски на лојалност.[17]

Според тврдењето на Џон Хатчинсон (John Hutchinson), „не беше создадена нова културна основа".[18] Мунх оди подалеку со прогнозите, кога вели дека „нема да произлезе нова културна заедница ниту, пак, нациите и нивните културни традиции ќе ги формираат нивните основни делови".[19]

Според направените истражувања на јавното мислење, покажано е дека повеќето Европејци се определуваат според својот национален идентитет, а не според европскиот идентитет. Еден од начините да се објасни оваа празнина е фактот што националните идентитети се постари и етаблирани од европскиот идентитет, како и тоа дека европскиот иднетитет има недостиг во културната основа. Недостигот на овие емотивни или ирационални форми на идентификација во колективниот европски идентитет е причина поради која тој не може да го има истото ниво на поддршка.

Томас Рисе пишува дека постои „идентификација со ЕУ како посебен граѓански и политички ентитет", иако тој, исто така, тврди дека има идентификација со „поширока Европа како културен и историски социјален простор".[20] На тој начин, не треба да се помеша постоењето граѓански европски идентитет со непостоењето културен европски идентитет. Сепак, граѓанскиот европски идентитет расте на сметка на културниот идентитет и доминира во тековниот дискурс. Благодарение на поврзаноста со новата Европа, европскиот уставен патриотизам стана доминантен европски идентитет. Во ова се огледа идентитетската хегемонија што ја споменува и Томас Рисе.

Бернард Гисен тврди дека европскиот идентитет е изграден на заедничко трауматично минато.[21] Тој понатаму тврди дека колективната траума или вина, особено за Втората светска војна и холокаустот, се она што ги поврзува нациите на Европа. Тој, исто така, вели дека „европскиот идентитет почива на културно наследство кое продолжува со многу трансформации, иако Европејците не се повеќе свесни за тоа".[22] Може да се каже дури дека овој т.н. идентитет на колективна траума и вина има културни основи во христијанството. Сепак, потребно е да се испита улогата што овие чувства ја имаат, бидејќи има мошне малку докази дека заедничките чувства може да формираат основа за каков било обид на идентитет, европски или друг.

[17] Исто.
[18] Hutchinson, J. 2003: "*Enduring Nations and the Illusions of European integration*", Europanisation, National Identities and Migration eds. Willfried Spohn and Anna Traiandafyllidou, London, Routledge: 42.
[19] Richard Munch, „*Democracy without Demos*", види оп. вит. дело стр. 52.
[20] Thomas Risse, види оп. цит. дело, стр. 170.
[21] Giesen, B. 2003: "*The Collective Identity of Europe: Constitutional Practice or Community of Memory?*", Europanisation, National Identities and Migration eds. Willfried Spohn and Anna Traiandafyllidou, London, Routledge: 31.
[22] Bernard Giesen, види оп. цит. дело стр. 33.

Според теоријата за социјален конструктивизам политичките (*policy*) програми се еден од механизмите со кои може да се менува идентитетот. Што се однесува до научната анализа на идентитетот, конструктивистичкиот приод може да биде сумиран во едно тврдење на познатите теоретичари Семујел Еинштат и Бернард Гисен: „Колективниот идентитет не е природно генериран туку социјално конструиран.[23] Констуктивистичката теорија тврди дека колективните идентитети можат да бидат создадени на едно елементарно ниво. За разлика од оваа теорија, есенцијалистичката теорија ја негира способноста за создавање идентитети и индицира дека постојат само лимитирани можности за тоа. Мислењето на есенцијалистите е доминантно во секојдневниот живот и во размислувањата на обичниот човек, додека оние кои се занимаваат со истражување на идентитетот најчесто ја прифаќаа конструктивистичката теорија. Притоа е потребно да се има предвид дека историската, културната и политичката димензија на идентитетот ретко можат да бидат одделени. Двајца истражувачи дошле до три заклучоци од конструктивистичка перспектива, кои се однесуваат на европскиот идентитет: 1. Неговата појава е можна; 2. Националниот и европскиот идентитет се компатибилни; 3. Европскиот идентитет може да се поттикне преку обезбедување пристап до оние извори што овозможуваат создавање супранационални идентитети. Јирген Хабермас (Jurgen Habermas), во овој контекст прашува зошто не би било можно да се создаде идентитет надвор од националните граници, на истиот начин на кој европските држави во XIX век го создале националниот идентитет.

## 2. Теоријата на Јирген Хабермас за „уставниот патриотизам"

За подобро да се разбере суштината на учењето на Јирген Хабермас за уставниот патриотизам, потребно е накратко да се објасни неговиот концепт за демократски регионализам, т.е. создавање регионални полиси, засновани на постнационално граѓанство како нивна демократска легитимација и уставен патриотизам како негова политичка култура.

Хабермас верува дека „демократскиот поредок не мора инхерентно да биде вкоренет во нацијата како претполитичка заедница на заедничка судбина. Силата на демократскиот устав лежи токму во неговата способност да ги премости дупките на општествената интеграција низ политичкото учество на нејзините членови". За него, средниот пат помеѓу националната држава и „трчањето" кон изградување *космополис* е создавање регионални полиси, експлицитно наведувајќи ја ЕУ како прв модел на „постнационална регионална

[23] Eisenstadt, Sh. Noah and Giesen, B. 1995: *The Construction of Collective Identity.* European Journal of Sociology, 36(1995) :72-102.



структура на владеење" и модел на „постнационална политика", кој истовремено се промовира како прва „постнационална демократија".[24]

Неговата идеја за уставен патриотизам потекнува од германската уставна култура. Она што треба на почетокот да се забележи е дека при создавањето на европскиот идентитет, не како спротивност на националните и локалните идентитети, туку како природна рефлексија на појавата на нова супранационална политичка структура во која луѓето се поддржуваат врз принцип на рационални пресметки, а не заради емоции, е дел од функционалната теорија. Ваквата визија за политички идентитет не негира дека националните граници имаат значење во политиката и перцепцијата на луѓето како политички агенти. Но, тука треба да се спомене мислењето на Роберт Шуман по однос на ова прашање, кој смета дека важноста на границите и на националните држави беше намалена во новата архитектура на политички простор и политичка акција.[25]

Она што ги разликува двете концепции за европскиот идентитет е тоа што концепцијата која бара сличности помеѓу европскиот идентитет и нацијата, при дефинирањето на европскиот идентитет бара идентификацијата и лојалноста да одат заедно, додека пак, постнационалната концепција за европскиот идентитет ги разделува овие два составни елементи на идентитетот и притоа на нив гледа како на нешто што е рационално и апстрактно, но нема емотивни елементи, односно на нив гледа како на елементи кои се одвоени од психолошкиот процес на идентификација. Втората концепција му дава мошне мало значење на политичкиот идентитет како на ексклузивен идентитет. Лојалноста што ја имаме кон системот на закони и права, кои се донесени од ЕУ, доаѓа од универзалноста на принципите што се поддржани од тој систем или, пак, од ефикасноста на имеративите, управувани од пазарот и бирократијата. Според тоа, сè што е потребно да се направи за да се исполнат социјалните и политички обврски на европско ниво е да се биде посветен на еден вид однос на универзално државјанство што ги почитува правата на другите.

Но тука е важно да се каже дека постои различна и повеќе „републиканска" концепција за постнационална политика, која не ја потценува целосно важноста на идентификацијата како дел од политичкиот процес на интеграција и не ја одвојува целосно идентификацијата од лојалноста/верноста. Хабермас има развиено една таква верзија со предлогот „уставниот патриотизам" да биде основа за политички идентитет на европско ниво. Според него, тој се

[24] Ристова-Астеруд, К. 2013: „*Парламентите, суверенитетот и демократијата во Европската унија – Обликување на новиот европски полис*", Институт за стратешки истражувања и едукација, Скопје:205.

[25] Castglione, D. 2009: *Political Identity in a Community of Strangers*, European Identity, Jeffry T.Checkel and Peter J.Katzenstain, Cambridge University Press,New York:38.

базира на „граѓански“ и космополитски разбирања на основите на европскиот *polity*.[26]

Таквиот уставен патриотизам ќе ги развива европскиот етнос и европскиот *демос*. Ако се тргнува од неизбежните аналогии, врзани за ерата на националната држава, Хабермас, всушност, нуди концепт за оформување своевиден европски граѓански национализам, односно градење на ЕУ како територијално-регионален *полис* со развивање политички идентитет, ситуиран во заедничка историја и култивиран низ уставно проектиран политички процес, кој ќе овозможува создавање колективен капацитет за донесување демократски легитимни одлуки. Според Хабермас, јакнењето на постнационалното граѓанство и уставниот патриотизам, кои ефективно значат негување европски „колективен идентитет“, „европска граѓанска солидарност“ и „европска политичка култура“, подразбира одредени материјални и формални претпоставки, при што тој акцентот го става примарно на материјалните, односно социолошко-политиколошките претпоставки. Во рамки на тие претпоставки влегуваат: развивањето европски јавен простор, цивилно општество и политичка култура, особено преку создавање трансевропски невладини организации, медиуми, политички партии, па дури и заеднички јазик. Со други зборови, создавање на социолошката база на „заедничко формирање на јавното мислење“ и „заедничкото формирање политичка волја“.[27]

Според најновите изјави на Хабермас поврзани со ова прашање, може да се каже дека тој разликува два елемента на неговиот аргумент. Тој најпрво се обидува да даде одговор на прашањето дали европскиот идентитет е „неопходен“ и второ, дали е „можен“. Првиот дел од аргументацијата е насочен против либералните и функционалните концепции за постнационално граѓанство, кои ставаат акцент на емотивното поврзување со што ја врзуваат лојалноста на граѓаните кон заедницата и политичкиот систем. Вториот дел од аргументацијата е одговор на оние кои тврдат дека националната поврзаност е сè уште единствената остварлива основа за политичкиот идентитет.[28]

Според Хабермас, трите главни предизвици со кои се соочува ЕУ се: управување со проширувањето, управување со политичките последици од растечката унификација на економски план и редефинирање на улогата на Европа во геополитичка смисла, по настаните од 9/11. Секој од овие предизвици има потреба од свесност кај дел од граѓаните од кои се бара да препознаат мнозинство и малцинство во многу поширока заедница и да ги прифатат редистрибутивните ефекти од позитивни форми на интеграција. Дури на заедничката надворешна и безбедносна политика ѝ се потребни повеќе отворени

[26] *Исто.*

[27] Ристова-Астеруд, К. 2013: „*Парламентите, суверенитетот и демократијата во Европската унија –Обликување на новиот европски полис*“, Институт за стратешки истражувања и едукација, Скопје:206.

[28] Castglione, D. 2009: *Political Identity in a Community of Strangers*, European Identity, Jeffry T. Checkel and Peter J. Katzenstain, Cambridge University Press, New York:40.



форми на мислење и формирање волја, и оттука произлегува и развојот на европската јавна сфера.

Во однос на отворениот процес на создавањето на Уставот на ЕУ, Хабермас потенцира еден мошне важен аргумент во однос на прашањето зошто на Европа ѝ е потребен политички идентитет. Според него, на нормативната концепција на уставни политики им е потребен уставен момент, нешто што ќе ја промени веќе воспоставената практика на нормални политики и ќе воведе важен аспект на симболизам во уставните политики. Хабермас пишува дека како политички колектив, Европа не може долго да се задржи во свеста на граѓаните само во форма на заедничка валута. На *интерговернменталниот* договор, кој беше потпишан во Мастрихт, му недостига моќта на симболичка кристализација, која само политички акт на создавање може да ја даде. Во оваа смисла, Уставот претставува важен момент во создавањето на Европа како политичка заедница, кој доаѓа на крајот од еден напреден процес на социјална, економска и политичка интеграција, што помага да се стави во движење создавањето широко европско граѓанско општество, заедничка јавна сфера и заедничка политичка култура.[29]

Сепак, во однос на перспективното институционално моделирање, Хабермас нагласува дека „уставот на мултинационална држава со сразмери на ЕУ нема да може едноставно да го преслика моделот на устави на националните федерации како СР Германија... Ниту, пак, е потребно да ги израмни националните идентитети и нивно претопување во европска нација. Но, неговата визија за европски регионален *полис* е токму визија за федерализирана *Rechtstaat* и *Sozialstaat*, што црпи токму од искуствата на федералните држави и настојува од содржински аспект да ги зачува клучните либерално-демократски и социјалдемократски придобивки на европската национална држава. Тој инсистира на реформирање на ЕУ, институциите налик на федералните држави: ЕП да добие надлежности на вистински законодавец; Советот на ЕУ да прерасне во горен дом, но со посилна позиција; и Судот на правдата да се стекне со дополнителни надлежности на уставен суд, налик на врховниот суд на САД.[30]

Како што веќе е познато, со пропаѓањето на потпишувањето на Договорот за устав беше пропуштена и голема прилика, но тоа не е во спротивност со првиот дел од аргументот на Хабермас за политички идентитет – дека Европа е потребно да ја активира граѓанската совест во процесот на политичка интеграција, барајќи притоа експлицитна форма на политички идентитет. Но пропаѓањето на потпишувањето на Договорот за устав, сепак, претставува

[29] Castglione, D. 2009: *Political identity in a community of strangers*, , European identity, Jeffry T. Checkel and Peter J. Katzenstain, Cambridge University press, New York:40.

[30] Ристова-Астеруд, К. 2013: „*Парламентите, суверенитетот и демократијата во Европската унија – Обликување на новиот европски полис*“, Институт за стратешки истражувања и едукација, Скопје:207-208.

проблем за вториот дел од аргументот на Хабермас, а тоа е дека постоењето таков политички идентитет е возможно.

Еден од најголемите критичари на теоријата на Хабермас за уставен патриотизам е Дарио Кастелионе (Dario Castglione), кој за европскиот идентитет тврди дека е вид на космополитски комунитаризам. Во однос на уставниот патриотизам, тој вели: „постојат ограничувања во начинот на кој Хабермас се обидува да ги помири/соедини партикуларизмот и универзализмот во неговото создавање на европскиот уставен патриотизам, односно постојат две главни препреки – прво постои проблем со улогата и идентификацијата на суштинските вредности што им значат на Европејците и второ, тука е прашањето за начинот на кој создавањето на европскиот политички идентитет е поврзано со природата и условите на европското уредување“.[31]

Понатаму, овој автор тврди дека позицијата на европскиот уставен патриотизам е заснована на универзални вредности и не е лесно да се одржи во кохерентност. За тоа е потребно да се одржува баланс помеѓу космополитските вредности и *комунитарното* објаснување за тоа како тие се појавиле, како тие придонеле за да се разликуваат Европејците од останатите итн. Нема сомнение дека моралното оправдување на приврзувањето до одредени заедници или до етиката на државјанството генерално може да смета дека е неопходно помирување на овие две тенденции. Позицијата на Хабермас изгледа дека е сместена помеѓу одбраната на универзалните вредности, која е многу „слаба“ за да ја мобилизира верноста и лојалноста на луѓето, и реконструкцијата на европските вредности, која може да стане премногу „силна“ на начинот на кој Европејците ја користат како форма за идентификација.[32]

Воедно, истиот автор смета дека Хабермас не е свесен за потенцијалните тешкотии што се презентирани во проектот на градење идентитет на вредности, кои не се исклучиви. До степен до кој европските вредности се презентирани како наши вредности, секогаш постои тенденција да бидат конструирани како спротивни на оние другите, и оттаму да бидат исклучени од останатите. Во време на растечки мултикултурализам и разнолика Европа, каде што мобилноста и имиграцијата играат улога што е многу поголема отколку што имаа во блиското минато, на таквото инсистирање на вредности, дури и на универзални вредности, постои ризик да направи социолошка и културолошка раздвоеност отколку обединување. Дури и повеќе, во некои случаи е тешко да се одреди што ги детерминира одредените вредности како „сопствени“, доколку не се направи селективна реконструкција на историските докази.[33]

Тенденцијата на анализата на Хабермас, со вредносна конвергенција да ја покаже заедничката политичка култура во Европа, содржи опасност да ги ограничи различностите на Европа. Несвесно, неговиот предлог го поттикнува разговорот за етничка Европа, што тој толку многу настојува да го избегне промовирајќи ја идејата за Европа како супердржава или за тврдината Европа, која, всушност, претставува невистинит легитимитет што има за цел да ја задржи доследноста до заедничките уставни вредности. Со други зборови, Хабермас не успева да ги уочи двете неизбежни опасности од создавањето на политичкиот идентитет и подлабоко вкоренетите поделби на европската политичка култура, која не може лесно да се помири со просветлувачкиот поглед на европскиот идентитет.[34]

[31] *Исто.*
[32] Dario Castglione, види оп. цит. дело стр. 44.
[33] *Исто.*



## 3. Заклучок

Во позицијата на Хабермас за европскиот политички идентитет има многу работи кои се атрактивни. Веднаш може да се истакнат лимитите на позициите кои ја потценуваат улогата што заедничкото чувство за припадност треба да ја одигра во оваа фаза од интеграцискиот процес. Иако не е оригинален, сепак, аргументот на Хабермас за неопходност на одреден политички идентитет во заедница чиишто функции се повеќе политички е релевантен. Таквиот политички идентитет не може да биде одраз на непосреден и нерефлективен процес на идентификација. Ова не е случај во националните држави, и како што предлага Хабермас, уште е помалку веројатно да биде случај на супранационално ниво каде што политичкиот идентитет е потребно да биде вештачки создаден од правното и политичкото искуство и од институциите. Но Хабермас препознава дека на политичката лојалност ѝ е потребен некаков вид социо-психолошка база и дека не може да биде само апстрактен вид приврзаност. Во таа насока, позицијата на Хабермас е поблиска до оние теоретичари кои тврдат дека ЕУ е „супердржава“, со таа разлика што Хабермас е убеден дека уставниот патриотизам што тој го пропагира за Европа е партикуларно читање на повеќе универзални принципи и дека како што веќе видовме, „идентификацијата со државата се менува/мутира во определба за уставот“. Ова според Хабермас е постнационален корен за модерниот политички идентитет.[35]

Теоријата што Јирген Хабермас ја дава за „уставен патриотизам“ е одговор на судирот помеѓу универзалните принципи на конститутивните демократии, од една страна, и партикуларните тврдења за посветеноста да се зачува интегритетот на вообичаениот начин на живот, од друга. Оваа теорија не е индивидуалистичка, комунитарна, либерална ниту антилиберална. Оваа теорија се основа на сменетото значење на поимот „нација“ од „означувањето на претполитички ентитет до нешто што би требало да одигра создавачка улога во дефинирањето на политичкиот идентитет на граѓаните, во рамките на де-

[34] *Исто.*
[35] Dario Castglione, види оп. цит. Дело стр. 43.

мократското управување".[36] Понатаму, за нацијата, Хабермас тврди дека „нацијата не го црпи својот идентитет од етничките или културните својства, туку од практиката на граѓаните кои активно ги користат нивните граѓански права".[37] Теоријата за републиканско државјанство „целосно се разликува од идејата за припадност на претполитичка заедница, интегрирана врз основа на потеклото, заедничката традиција и јазикот."[38] Политичката култура е заедничка, и е заеднички именител во кој се вкоренети уставните принципи, и е основата за уставниот патриотизам. Тоа, исто така, значи дека иако политичката култура е заедничка, сите државјани не го делат истиот јазик или истите етнички или културни корени. Токму спротивното, т.е. тие знаат дека се дел од мултикултурно општество.

Она што можеме да заклучиме е дека Дарио Кастелглионе е во право кога забележува дека во неговата теорија, Хабермас не е заинтересиран за многуте судири во ЕУ. Неговата конструкција на уставен патриотизам не може да се спротивстави на неколку апекти кои се важни за појавата на политичкиот идентитет. Во таа насока, тој дава премногу идеализирана слика за геополитичката улога на Европа, која не може да ја долови важноста што постмастришкиот развој и проширувањето ја имаа во формирањето на сè уште конфузното себеразбирање на европскиот *polity*.

## Библиографија


Ahrweiler, H. 1993: *Roots and Trends in European Culture*, S. Garcia (ed) European Identity and the Search for Legitimacy, Pinter, London.

Castglione, D. 2009: *Political identity in a community of strangers*, European identity, Jeffry T.Checkel and Peter J.Katzenstain, Cambridge University press, New York.

Eisenstadt, Sh. Noah and Giesen, B. 1995: *The Construction of Collective Identity*. European Journal of Sociology, 36(1995).

Giesen, B. 2003: *The Collective Iidentity of Europe: Constitutional Practice or Community of Memory?*, Europanisation, National Identities and Migration,eds. Willfried Spohn and Anna Traiandafyllidou, London, Routledge.

Habermas, J. 1992: *„Citizenship and National Identity: Some Reflections on the Future of Europe*, Praxis International.

Habermas, J. 2001: *The Postnational Constellation- Political Essey*, The MIT Press, Cambridge, Massashusets.

Hutchinson, J. 2003: *"Enduring Nations and the Illusions of European integration"*, Europanisation, National Identities and Migration eds. Willfried Spohn and Anna Traiandafyllidou, London, Routledge.


[36] Habermas, J. 1992: *„Citizenship and National Identity: Some Reflections on the Future of Europe*, Praxis International: 3.

[37] *Исто*.

[38] *Исто*.




Kostakopoulou, D.: *On European Identity*, http://papers.ssrn.com/sol3/papers.cfm?abstract_id=2117157, пристапено на 28.3.2015.

Munch, R. 2003:*„Democracy without Demos"*, Europanisation, National Identities and Migration eds. Willfried Spohn and Anna Traiandafyllidou, London, Routledge.

Ристова-Астеруд, К. 2013: *„Парламентите, суверенитетот и демократијата во Европската унија – Обликување на новиот европски полис"*, Институт за стратешки истражувања и едукација, Скопје:205.

Risse, Th. 2004: *Social Constructivism and European Integration*, European Integration Theory,eds. Anje Wiener and Thomas Diez, Oxford,Oxford Univ. Press.

Traiandafyllidou, A. and Spohn, W. 2003: *Introduction in Europanisation*, National Identities and Migration, eds. Willfried Spohn and Anna Traiandafyllidou, London, Routledge.



Jasna Bachovska-Nedikj, Ph.D.
*Associate professor*
Milena Apostolovska-Stepanoska, Ph.D.
*Assistant professor*
Hristina Runcheva Tasev, Ph.D.
*Assistant professor*


# European identity and Jurgen Habermas's constitutional patriotism theory


### Abstract

The authors of the paper analyse the theory developed by Jurgen Habermas regarding the necessity of creating the European identity. For that purpose, the paper presents a brief overview of the most popular theories for European identity and focuses particularly on the analysis of the theory for constitutional patriotism. The paper also gives an overview of the one of the most popular critiques on the Jurgen Habermas theory, given by Dario Castiglione.


**Key words:** European identity, constitutional patriotism, Jurgen Habermas

1.01 Изворна научна статија
УДК: 347.23„12/13"

д-р Владимир Божиновски*

# Дефинирање на сопственоста во развиениот среден век: христијанскиот концепт на Европа и правото на сопственост

## Резиме

Со распадот на Римската империја престанува да постои и самиот римски концепт на дефинирање на државата и сопственоста на европско тло. Започнува периодот на средниот век кој е дефиниран преку христијанската религија и борбата за моќ помеѓу папата и императорот. Во развиениот среден век, односно кон крајот на тринаесеттиот и во почетокот на четиринаесеттиот век, правото на сопственост претставува основа на конфликтот помеѓу двата доминантни црковни редови францисканците и доминиканците, кој се проширува и во сферата на право на владеење и управување. Ова претставува и базичен концепт на теоретскиот дискурс на Јован од Париз *(Iohannes Parisiensis)*.

**Клучни зборови:** сопственост, среден век, францисканци, доминиканци, Јован од Париз

* Владимир Божиновски е доцент на политички студии при правниот факултет „Јустинијан Први" при УКИМ. Предава Јавно мислење и Методологија на политички науки. Своето образование го завршил во Македонија и Италија. Основач е на институтот за политички истражувања од Скопје-ИПИС каде е координатор на центарот за истражување.